Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за регистар на задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 октомври 2023 го- дина.

Бр. 08-4886/1
октомври 2023 година
Скопје

Претседател на Република 3
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет**

Член 1

(1) Со овој закон се уредува основањето, организацијата, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и раководењето на Управата за водење на регистарот на задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст: Управата).

(2) Со овој закон се уредува структурата, содржината, податоците и начинот на водење на регистарот на задолжително социјално осигурување, условите за негово користење, регистрацијата на пријави, одјави и промени во задолжително социјално осигурување, размената на податоци меѓу надлежните органи и другите институции.

(3) Со овој закон се уредуваат и правата и обврските на сите правни и физички лица кои учествуваат во задолжително социјално осигурување, овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на Управата, во согласност со закон.

**Цел на законот**

Член 2

Целта на овој закон е да се воспостави единствен регистарски систем на управување и евиденција на сите податоци поврзани со системот на задолжително социјално осигурување, кој ќе придонесе за ефикасно остварување на правата и обврските кои произлегуваат од задолжителното социјално осигурување.

**Примена на законот**

Член 3

(1) Овој закон се однесува на евиденцијата на податоците од задолжителното социјално осигурување на сите правни и физички лица кои учествуваат во задолжителното социјално осигурување.

(2) За прашањата во однос на евиденцијата на задолжителното социјалното осигурување кои не се уредени со овој закон, се применуваат законите со кои се регулираат здравственото осигурување, пензиското и инвалидското осигурување, осигурувањето во случај на невработеност, задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, како и наплатата на придонесите за задолжителното социјално осигурување и прописите донесени врз основа на овие закони.

(3) Во прибирањето, обработката, користењето, размената и чувањето на податоците, се применуваат прописите од областа на заштитата на личните податоци.

(4) При пријавувањето на податоците во електронски облик и утврдувањето на автентичноста на податоците и идентитетот на потписникот се применуваат одредбите од прописите од областа на електронското работење и употребата на податоците во електронски облик и електронски потпис.

(5) Во однос на создавањето, складирањето и обработката на податоци и документи во електронска форма, електронската идентификација и доверливите услуги, се применуваат прописите од областа на елек- тронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) За сите прашања во однос на управните постапки, кои не се уредени со овој закон, ниту со посебните закони на кои упатува овој закон, се применува Законот за општата управна постапка.

**Поимник**

Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Регистар на задолжително социјално осигурување“ е регистар на податоци за правни и физички лица кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст: РЗСО).

2. „Субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување“ се осигурениците, обврзниците за пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување и регистрационите агенти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување.

3. „Информациски систем на РЗСО“ е централен информационен систем преку кој се воспоставува и се води РЗСО (во натамошниот текст: ИС на РЗСО).

4. „Задолжително социјално осигурување“ е осигурување на физички лица кои се корисници на услуги коишто произлегуваат од осигурувањето и за којашто цел задолжително се плаќаат придонесите за:

1.1 пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата;

1.2 задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

1.3 стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење;

1.4 здравствено осигурување;

1.5 здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување и

1.6 осигурување во случај на невработеност.

5. „Осигуреник“ е физичко лице задолжително осигурено според прописите од областа на задолжителното социјално осигурување, кој е и обврзник за плаќање придонеси кога во негово име и за негова сметка се плаќаат придонесите, како и физичко лице кое стекнува статус на осигурено лице во согласност со закон.

6. „Обврзник за пресметка и уплата на придонесите“ е лице кое во согласност со закон има обврска на товар и за сметка на обврзникот за плаќање придонеси да ги пресмета, задржи и да ги уплати придонесите;

7. „Физичко лице“ е лице кое е запишано во евиденцијата на матичниот број на граѓанин или евиденцијата на матичниот број на странец и/или во единствениот регистар на даночни обврзници во Република Северна Македонија во согласност со закон.

8. „Правно лице“ е субјект кој е основан или има седиште, подружница или претставништво во Република Северна Македонија и е регистрирано во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија.

9. „Институции за задолжително социјално осигурување“ се: Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

10. „Органи и други институции надлежни за регистрација во РЗСО“ се: Министерството за труд и социјална политика, односно центрите за социјални работи, Министерството за култура, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за млади и

спорт, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, установите од областа на образованието, Управата за извршување на сан- кции, односно казнено поправните установи и други органи и институции кои се вклучени во пресметката и уплатата на придонесите од задолжително социјално осигурување во согласност со закон.

11. „Други институции вклучени во задолжително социјално осигурување“ се: Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда - Управа за водење на матични книги, Министерството за информатичко општество и администрација, други институции, како и физички и правни лица со јавни овластувања кои во рамките на своите надлежности, во согласност со закон, се вклучени во задолжителното социјално осигурување, односно од чии регистри, евиденции и бази на податоци се преземаат податоци во РЗСО.

12. „Регистрација“ е идентификација на физичко и правно лице и секој упис, промена и/или бришење податоци поврзани со субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување во РЗСО.

13. „Регистрационен агент“ е физичко или правно лице кое врз основа на овластување од Управата, по претходно исполнети услови утврдени со овој закон, може да има пристап и да врши регистрација во РЗСО.

14. „Единствен регистарски број“ е нумеричка ознака, која е единствена за секој осигуреник и се определува и доделува од Управата при регистрација на физичкото лице во РЗСО.

15. „Изворник на податоци“ е надлежен орган кој врши упис, промена или бришење податоци и обезбедува чување на податоците врз основа на закон и истиот има својство на контролор и обработувач на податоците од поединечните бази на податоци.

16. „Единствен унифициран коден систем“ е нумеричка ознака на податоците кои се водат во РЗСО.

## Глава II
## НАЧЕЛА ЗА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ

### Законитост

Член 5

РЗСО се води во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и со меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

### Доверливост

Член 6

Податоците во РЗСО се лични, службени и класифицирани податоци и се обработуваат во согласно со закон.

### Достапност

Член 7

Податоците од РЗСО се достапни на надлежните органи и другите субјекти определени со овој закон и истите се користат во согласност со условите утврдени со овој закон и со прописите од областа на заштитата на личните податоци.

### Ефикасност

Член 8

Водењето на РЗСО и внесувањето и користењето на податоците се прави на наједноставен можен начин и без одлагање.

### Независност

Член 9

При водењето на РЗСО, Управата е целосно независна во однос на извршување на своите законски надлежности.

### Отчет

Член 10

При водењето на РЗСО и извршувањето на своите надлежности, Управата е должна најмалку еднаш годишно да ги известува и да дава отчет за својата работа пред министерот за труд и социјална политика и пред Владата на Република Северна Македонија.

## Глава III

## ОРГАНИЗАЦИЈА, РАКОВОДЕЊЕ И НАДЛЕЖНОСТИ НА УПРАВАТА

### Организација на Управата

Член 11

(1) Управата е орган во состав на Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст: Министерството), без својство на правно лице.

(2) Управата своите надлежности ги спроведува на целата територија на Република Северна Македонија.

(3) Седиштето на Управата се наоѓа во Скопје.

### Финансирање на Управата

Член 12

(1) Средствата за работа на Управата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, сопствените приходи од надоместоци, донациите и од другите извори, во согласност со закон.

(2) Сопствените приходи од надоместоци ги опфаќаат надоместоците за издавање потврди од РЗСО во хартиена форма и годишниот надомест кој го плаќаат адвокатите, сметководителите и овластените сметководители како регистрациони агенти за регистрација во РЗСО во согласност со закон.

(3) Висината на надоместоците од ставот (2) на овој член се утврдува со тарифник кој, на предлог на директорот на Управата, го донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на социјалното осигурување (во натамошниот текст: министерот).

### Раководење со Управата

Член 13

(1) Со работата на Управата раководи директор, кој го именува и го разрешува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), на предлог на министерот со мандат од четири години и право на уште еден последователен избор.

(2) Директорот се именува во отворена, фер и транспарентна постапка во која се избира најдобриот кандидат кој ги исполнува условите.

(3) За именување на директорот се објавува јавен оглас на веб-страниците на Владата, Министерството и на Управата.

(4) Директорот за својата работа и работата на Управата е одговорен пред Владата и пред министерот.

(5) За директор може да биде именувано лице кое:

1. има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование;

2. има најмалку десет години работно искуство во струката по дипломирањето;

3. има најмалку пет години работно искуство на раководна позиција во јавен или во приватен сектор;

4. во моментот на именувањето да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност и

5. поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање англиски јазик: ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен, БУ- ЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

(6) Директорот со решение е должен да овласти раководен административен службеник кој го заменува во случај на негово отсуство.

(7) Овластениот раководен административен службеник од ставот (6) на овој член го води тековното работење на Управата во случај на отсуство на директорот.

### Надлежности на директорот

Член 14

(1) Директорот ги врши следниве работи:

1. раководи и ја координира работата на Управата;

2. со овластување на министерот ја претставува и застапува Управата;

3. го организира и е одговорен за законитоста и ефикасноста во работењето на Управата;

4. го планира и со овластување на министерот го извршува буџетот на Управата;

5. обезбедува делегирање на обврските и одговорностите на вработените во Управата;

6. дава предлози за управување и располагање со имотот на Управата;

7. предлага внатрешна организација и систематизација на работните места во Управата и други акти за кои е овластен со закон;

8. одговора за управување со проекти на Управата и координација на активностите на проекти во кои учествува Управата;

9. предлага финансиски и стратешки планови, како и годишен план за работа на Управата и го организира нивното спроведување;

10. подготвува извештај за спроведување на годишниот план за работа на Управата и други извештаи за работите од надлежност на Управата;

11. донесува акти во првостепена управна постапка и други видови акти за извршување на работите од надлежност на Управата и други поединечни акти за кои е овластен со закон;

12. обезбедува услови за почитување на начелата во работата на Управата и

13. врши други работи утврдени со закон.

(2) Вршењето на функцијата директор е неспоива со вршење друга јавна функција, односно функција ка- ко избрано или именувано лице, одговорно лице во јав- но претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, службено лице во државните органи, во општинската администрација и администрацијата на Град Скопје, како и вршење функција во органи на политичка партија.

### Престанок на мандатот по сила на закон и разрешување од должност на директорот

Член 15

(1) Мандатот на директорот на Управата престанува пред истекот на неговиот мандат, по сила на закон:

1. во случај на смрт;

2. на негово барање до Владата;

3. ако ги исполни условите за старосна или инвалидска пензија во согласност со закон;

4. ако делумно или целосно му е одземена деловната способност во согласност со закон;

5. ако со правосилна пресуда е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или

6. ако се открие дека дал лажни информации во постапката за неговото именување.

(2) Владата може да го разреши од должност директорот и по сопствена иницијатива или на предлог на министерот, доколку директорот не ги извршува работите во согласност со закон, како и поради неетичко однесување.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, Владата донесува решение за престанок на мандатот, односно за разрешување од должност на директорот на првата наредна седница од денот кога се стекнати условите за престанок на мандатот, односно од дознавањето дека се стекнати услови за разрешување.

(4) Во случај на престанок на мандатот односно разрешување од должност на директорот, а истовремено не е именуван нов директор, Владата е должна да именува вршител на должност директор сè до изборот на нов директор во постапка утврдена со овој закон, но не подолго од шест месеци од денот на престанок на мандатот односно разрешување од должност на директорот.

### Статус на вработените во Управата

Член 16

(1) Вработените во Управата кои извршуваат административни работи имаат статус на административни службеници и за нив во однос на прашањата поврзани со работниот однос се применува Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.

(2) Вработените во Управата кои вршат помошно-технички работи имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат општите прописи од областа на работните односи.

### Надлежности на Управата

Член 17

Управата е надлежна за:

1. водење, одржување и надградба на РЗСО;

2. евиденција на субјектите кои учествуваат во системот на задолжителното социјално осигурување;

3. доделување единствен регистарски број на сите осигуреници кои по која било основа влегуваат во системот на задолжително социјално осигурување и по таа основа се евидентираат во РЗСО;

4. пријава, промена и одјава од задолжителното социјално осигурување на осигурениците;

5. анализа на податоците за пријава, промена и одјава од задолжителното социјално осигурување на осигурениците;

6. известување до институциите за задолжително социјално осигурување, органите и другите институ-

ции надлежни за регистрација во РЗСО и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување за забележани неусогласености или неправилности на податоците;

7. евиденција на обработени податоци за пресметаните и наплатените придонеси од задолжителното социјално осигурување;

8. усогласување на податоците за субјектите кои учествуваат во системот на задолжителното социјално осигурување во РЗСО со податоците за овие субјекти во регистрите и базите на податоци на органите и дру- гите институции надлежни за регистрација во РЗСО и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување;

9. анализа на внесените и обработените податоци и укажување на органите и другите институции надлежни за регистрација во РЗСО и другите институции вклучени во задолжителното социјално осигурување за утврдените неправилности во податоците од нивна надлежност;

10. анализа на внесени и обработени податоци заради изготвување извештаи до засегнати страни, во согласност со законските прописи кои ја регулираат таа област;

11. размена на обработени податоци за пресметани и наплатени придонеси од задолжително социјално осигурување со корисниците утврдени со законските прописи кои ја регулираат таа област;

12. обезбедување технички услови за меѓусебно поврзување и усогласување на работата на органите и другите институции надлежни за регистрација во РЗСО и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување поврзани со РЗСО во врска со доставувањето и користењето податоци;

13. обезбедување електронско поврзување со други регистри, евиденции и бази на податоци кои се водат во државата, а кои се значајни за субјектите коишто учествуваат во системот на задолжителното социјално осигурување;

14. спроведување постапка за проверка и промена на податоците во РЗСО;

15. регистрација, овластување и администрирање на регистрационите агенти за потребите на РЗСО и евиденција на регистрациони агенти во РЗСО;

16. евиденција на корисници на податоци од РЗСО;

17. воспоставување единствен шифрарен (коден) систем на податоци кои се внесуваат во РЗСО;

18. доделување, промена и одземање овластување за пристап и регистрација во РЗСО;

19. издавање потврди;

20. давање мислење на предлози на закони, подзаконските и други акти од областа на задолжителното социјално осигурување и

21. други работи утврдени со закон.

Глава IV

СТРУКТУРА И СОДРЖИНА НА РЗСО

**Структура на РЗСО**

Член 18

(1) РЗСО се состои од следниве податоци и тоа:

1. матични податоци поврзани со задолжителното социјално осигурување;

2. податоци за идентификација на физички лица кои се предмет на упис во РЗСО;

3. податоци за идентификација на правни лица кои се предмет на упис во РЗСО;

4. податоци за осигуреник;

5. податоци за регистрација во задолжително социјално осигурување на осигуреникот,

6. податоци за пресметани и наплатени придонеси за задолжително социјално осигурување и

7. податоци за регистрациони агенти.

(2) РЗСО од ставот (1) на овој член содржи и обработува податоци за физичките и за правните лица кои се предмет на упис во РЗСО, како и податоци од значе- ње за задолжителното социјално осигурување од чле- нот 19 од овој закон.

**Содржина на РЗСО**

Член 19

(1) РЗСО ги содржи и ги обработува следниве податоци:

1. матични податоци поврзани со задолжителното социјално осигурување: основа на осигурување, вид на придонес, стапки на придонеси, вид на ослободување по вид на придонес, вид на обврзник за пресметка и уплата на осигурување, матични податоци поврзани со стаж на осигурување со зголемено траење и други матични податоци;

2. податоци за идентификација на физичко лице кое е предмет на упис во РЗСО: единствен матичен број на граѓанинот или на странецот (ЕМБГ), даночен идентификационен број, единствен електронски број на граѓанинот, единствен регистарски број на граѓанинот, единствен здравствен број на осигуреникот, име, презиме, пол, датум на раѓање, родител/старател (ЕМБГ, име, презиме), адреса на живеалиште/престојувалиште (држава, општина, населено место, улица, број, додаток на број), државјанство (држава, статус, датум на почеток, датум на престанок), електронска адреса, телефон, смрт (датум на смрт, место на смрт), квалификуван електронски потпис а, доколку има потреба, и други лични податоци од значење за идентификација на физичкото лице во врска задолжителното социјално осигурување;

3. податоци за идентификација на правно лице кое е предмет на упис во РЗСО: даночен идентификационен број, единствен матичен број на субјектот, назив, адреса на седиште (општина, место, улица, број, влез, стан), дејност на субјектот, назив на подружница, адреса на седиште на подружница (општина, место, улица, број, влез, стан), дејност на подружница, организационен облик, електронска адреса, датум на почеток/промена/престанок на вршење на дејноста, податоци за овластено лице и други податоци од значење за идентификација на правното лице во врска задолжителното социјално осигурување;

4. податоци за осигуреник (сродство со осигуреникот носител на осигурување доколку статусот го стекнува како член на семејството на осигуреник, пензиски фонд од вториот столб на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во кој е зачленет, датум на зачленување во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, прв месец на придонес во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, статус на членство, подносител на податоците на осигуреникот за регистрација, датум на регистрација, други податоци поврзани со задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување на осигурениците и други податоци за осигурениците;

5. податоци за регистрација во задолжителното социјално осигурување на осигуреникот: основа на осигурување, датум на почеток/промена/одјава на осигурување, основ за почеток/промена/одјава на осигурување, зани-

мање, вид и степен на квалификација, односно образование, останати податоци за образованието, незаснован работен однос, број на работни часови (дневно и неделно), вид на вработување (неопределено или определено), период на вработување (во денови, месеци, години), податоци за работодавачот на осигуреникот, ознака за попреченост, податоци за користење пензиски и инвалидски права од системот на задолжително социјално осигурување, посебни податоци за осигуреникот, податоци за бројот на обврзници за пресметка и плаќање придонеси (работодавачи), датум на поднесување пријава/промена/одјава на задолжително социјално осигурување, подносител на податоците за пријава/промена/одјава на задолжителното социјално осигурување, занимање кое се смета со стаж на осигурување со зголемено траење, степен на зголемување на стажот на осигурување, шифра на работното место кое се смета со стаж на осигурување со зголемено траење и други податоци поврзани со пријава, промена и одјава на задолжителното социјално осигурување на осигуреникот;

6. податоци за пресметани и наплатени придонеси од задолжително социјално осигурување (податоци за обврзник за плаќање придонеси, податоци за обврзник за пресметка на придонеси, податоци за обврзник за уплата на придонеси, податоци за видот и за основата на осигурување, вид на ослободување, период за кој се плаќаат придонесите, вид на обврска за уплата, вид на стаж, степен на зголемување на траење на стажот на осигурување, период на работа на работното место со стаж на осигурување со зголемено траење, износ на бруто-платата, основица за пресметка на придонесите, износи на пресметани и наплатени придонеси, датум на уплата на придонесите, податоци за враќање на придонесите и други податоци за пресметани и наплатени придонеси од задолжително социјално осигурување и

7. податоци за регистрациони агенти: датум на поднесено барање за добивање овластување за пристап и регистрација во РЗСО, датум и основа на добиено/одземено овластување за пристап и регистрација во РЗСО, податоци за физичкото лице кое кај регистрациониот агент врши регистрација, податоци за бројот на обврзници за пресметка и уплата на придонеси за задолжително социјално осигурување кои ги застапува, податоци за реализирани пријави, промени и одјави во задолжително социјално осигурување осигуреници и други податоци за регистрационите агенти.

(2) Формата и содржината на РЗСО од ставот (1) на овој член, на предлог на директорот на Управата, го пропишува министерот.

(3) Единствениот унифициран коден систем (шифрарник) на податоци кои се водат во РЗСО, на предлог на директорот на Управата, го пропишува министерот.

## Глава V

## ПОСТАПКА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

### Начин на водење на РЗСО

Член 20

(1) РЗСО се води во електронска форма.

(2) Регистрацијата на субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување се врши единствено преку РЗСО.

(3) Регистрација односно пријава, промена и одјава на субјект кој учествува во системот на задолжително социјално осигурување во РЗСО врши регистрационен агент врз основа на добиено полномошно од физичкото, односно правното лице, во чие име и за чија сметка ја врши регистрацијата.

(4) За добивање овластување за регистрационен агент физичкото, односно правното лице, е должно да ги исполни техничките стандарди за пристап и корис- тење на РЗСО и да располага со квалификуван дигита- лен сертификат издаден од овластен издавач во Репуб- лика Северна Македонија.

### Регистрација во РЗСО

Член 21

(1) Регистрацијата во РЗСО се врши врз основа на унифицирана постапка, со примена на унифицираниот единствен коден систем (шифрарник) и обрасците за пријава, промена и одјава во електронска форма.

(2) За секоја регистрација РЗСО испраќа електронско известување за содржината на регистрацијата до електронската адреса на субјектите што учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување кои се опфатени со регистрацијата.

(3) Обрасците за пријава, промена и одјава ги содржат следниве податоци:

1. име, презиме, единствен матичен број на граѓанинот, даночен идентификационен број, единствен електронски број на граѓанинот, единствен регистарски број на граѓанинот, единствен здравствен број на осигуреникот, податоци за родител/старател (ЕМБГ, име, презиме), адреса на живеалиште/престојувалиште (држава, општина, населено место, улица, број, додаток на број), државјанство (држава, статус, датум на почеток, датум на престанок), електронска адреса, телефон, смрт (датум на смрт, место на смрт), квалификуван електронски потпис (доколку има потреба) и други лични податоци од значење за идентификација на физичкото лице во врска со задолжителното соци- јално осигурување;

2. датум на почеток, престанок, односно промена на осигурување;

3. основа на осигурување;

4. основа за почеток, промена, односно престанок на осигурување;

5. занимање;

6. вид и степен на квалификација, односно образование;

7. работно време, број на часови неделно;

8. вид на вработување (определено и неопределено време);

9. траење на вработувањето на определено време (во денови и месеци);

10. податоци за обврзник за пресметка и уплата на придонеси/даночен идентификационен број, единствен матичен број на субјектот, назив, адреса на седиште (општина, место, улица, број, влез, стан), дејност на субјектот, назив на подружница, адреса на седиште на подружница (општина, место, улица, број, влез, стан), дејност на подружница, организационен облик, електронска адреса, датум на почеток/промена/престанок на вршење на дејноста, податоци за овластено лице и други податоци од значење за идентификација на прав- ното лице во врска со задолжителното социјално осигурување;

11. податоци за користење пензиски и инвалидски права од системот на задолжително социјално осигурување;

12. посебни податоци за осигуреникот во однос на попреченоста кои се основа за утврдување стаж на осигурување со зголемено траење ;

13. датум на утврдување на стажот на осигурување со зголемено траење поради попреченост;

14. занимање кое се смета со стаж на осигурување со зголемено траење на стажот;

15. степен на зголемување на стажот на осигурување и

16. шифра на работното место кое се смета со стаж на осигурување со зголемено траење на стажот;

17. датум на поднесување на пријавата, промената, односно одјавата;

18. подносител на податоците за пријавата, промената, односно одјавата и

19. потпис (електронски потпис, сертификат, а за овластените лица квалификуван електронски потпис).

(4) При првата регистрација РЗСО доделува единствен регистарски број на осигурениците, како и интерен код за идентификација на обврзниците за пресметка и уплата на придонеси за задолжително социјално осигурување.

(5) При регистрација на физичките лица се врши задолжително преземање/проверка на податоците од Централниот регистар на население и од другите регистри.

(6) Регистрацијата на обврзниците за пресметка и уплата на придонеси се врши во моментот кога тие регистрираат осигуреници, преку преземање/проверка на податоци од Трговскиот регистар и од регистарот на други правни лица, Централниот регистар на население, Единствениот регистар на даночни обврзници, евиденциите на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и од други регистри и евиденции од областа на задолжителното социјално осигурување.

(7) Доколку при преземањето/проверката на податоци од Единствениот регистар на даночни обврзници, односно евиденцијата на здравственото осигурување, физичкото лице нема даночен број, односно единствен здравствен број на осигуреникот се испраќа известување до надлежната институција да додели даночен, односно единствен здравствен број доколку има законска основа и истиот да го достави до РЗСО.

(8) Пријавата во задолжително социјално осигурување врз основа на засновање работен однос како и одјавата од задолжително социјално осигурување врз основа на престанок на работен однос не може да се врши ретроактивно, освен во случај на смрт, кога врз основа на реален акт издаден од надлежен орган може да се изврши одјава со датумот на настапување на смртта.

(9) При пополнување на пријавата за задолжително социјално осигурување врз основа на вработување задолжително се внесуваат податоци за степен на зголемување на стажот на осигурување доколку со закон е предвиден таков стаж за соодветното работно место.

(10) Формата, содржината и начинот на пополнување на обрасците за регистрација, структурата на единствениот регистарски број, како и техничките стандарди за пристап и користење на РЗСО, ги пропишува министерот.

**Регистрационен агент**

Член 22

(1) Регистрационен агент може да биде:

1. орган на државна управа и друг државен орган или институција надлежна за регистрација во РЗСО преку автоматизирано пополнување на пријавата доколку статусот на осигуреник се стекнува врз основа на регистрација во чии регистри и евиденции, кои пре- ку националната платформа за интероперабилност – Македонска информациска магистрала (во натамошниот текст: МИМ), се поврзани со РЗСО или преку овластени лица во останатите случаи;

2. обврзникот за пресметка и уплата на придонеси во согласност со закон кој добил овластување од Управата за пристап и регистрација во РЗСО и

3. адвокат, сметководител и овластен сметководител кој добил овластување од Управата за пристап и регистрација во РЗСО.

(2) Барањето за добивање овластување за пристап и регистрација во РЗСО се поднесува електронски, преку ИС на РЗСО, а Управата е должна да ја провери исполнетоста на условите и да одлучи, односно да го прифати, одбие или да го отфрли барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на комплетно барање.

(3) Доколку барањето од ставот (2) на овој член, не е комплетно, Управата ќе побара од подносителот во рок од седум дена од денот на приемот на некомплет- ното барање да го комплетира истото.

(4) Доколку и во дополнителниот рок од ставот (3) на овој член подносителот не го комплетира барањето, Управата ќе го отфрли истото.

(5) Регистрационите агенти се должни да внесуваат точни, целосни и навремени податоци во РЗСО.

(6) Управата во електронска форма го доставува овластувањето за регистрационен агент до раководното лице во регистрациониот агент регистриран како правно лице, на службената електронска адреса, регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно на електронската адреса која ја доставил подносителот на барањето физичко лице, кој е должен да го потврди добиеното овластување, по што истото станува активно.

(7) Регистрационите агенти од ставот (1) точка 3 на овој член за своите услуги наплаќаат надоместок на корисниците.

(8) Висината на надоместоците од ставот (7) на овој член се утврдува со тарифник кој, на предлог на директорот на Управата, го донесува министерот.

(9) Формата, содржината на барањето за добивање статус на регистрационен агент, потребната документација и начинот на доставување на барањето за добивање на овластување за регистрационен агент, како и формата и содржината на барањето на промена на податоците за физичкото лице, на предлог на директорот на Управата, ги пропишува министерот.

**Органи и други институции во функција на регистрациони агенти односно надлежни за регистрација во РЗСО**

Член 23

(1) Министерството за труд и социјална политика, односно центрите за социјални работи и Управата за прашања на борците и воените инвалиди, се регистрационен агент за:

1. лице корисник на гарантирана минимална помош кое е неспособно за работа;

2. корисник на надоместок заради попреченост;

3. корисник на надоместок за помош и нега од друго лице; лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита;

4. корисник на вонсемејна заштита;

5. лице жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита во согласност со прописите од областа на превенција, спречување и заштита од семејно насилство;

6. лице жртва на трговија со луѓе;

7. корисник на право на социјална сигурност за старите лица, како и дете со пречки во развојот и со специфични потреби за кое се користи право на посебен додаток согласно со Законот за заштита на децата, ако не може да се осигурат по друга основа;

8. учесник во Народноослободителната војна и учесник во Народноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија;

9. воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во Народноослободителната војна, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна;

10. лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи;

11. членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Северна Македонија загинати во војните при распадот на СФРЈ и

12. други лица за кои Министерството за труд и социјална политика е надлежно за пресметка и/или уплата на придонеси во согласност со закон.

(2) Министерството за култура е регистрационен агент за самостоен уметник кој со таков статус се здобил во согласност со Законот за културата.

(3) Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е регистрационен агент за:

1. новороденче во согласност со закон;

2. државјанин на Република Северна Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Северна Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство - за членовите на семејството;

3. државјанин на Република Северна Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од држава со која Република Северна Македонија нема склучено/преземено договор за социјално осигурување или, пак, Република Северна Македонија има склучено/преземено договор за социјално осигурување во кој не е регулирана можноста за остварување право на здравствено осигурување додека престојува на територијата на Републиката;

4. граѓанин кој не е дефиниран како обврзник за плаќање задолжителен придонес за здравствено осигурување по друга законска основа;

5. граѓанин на Република Северна Македонија кој не е дефиниран како обврзник за плаќање придонес за задолжително здравствено осигурување по ниту една законска основа;

6. работник кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, доколку работодавачот во согласност со закон не е надлежен за пресметка и уплата на придонеси од задолжително социјално осигурување;

7. работник на кој му мирува работниот однос поради користење неплатено родителско отсуство;

8. странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во Република Северна Македонија ако со меѓународен договор ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија, доколку поинаку не е определено и

9. други лица за кои Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е надлежен за пресметка и/или уплата на придонеси во согласност со закон.

(4) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија е регистрационен агент за:

1. корисник на пензија според прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување;

2. индивидуален земјоделец, осигуреник во задолжително социјално осигурување;

3. верско службено лице, осигуреник во задолжително социјално осигурување;

4. државјанин на Република Северна Македонија кој е во работен однос во странство, врши дејност во странство или е упатен на работа во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување, доколку со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија поинаку не е определено;

5. државјанин на Република Северна Македонија вработен во странство во држава во која е задолжително осигурен, но во која правата од пензиско и инвалидско осигурување не може да ги остварува или не може да ги користи надвор од таа држава;

6. осигуреникот кој пристапил во продолжено пензиско и инвалидско осигурување во согласност со закон;

7. граѓанин на Република Северна Македонија кој во согласност со важечките прописи е упатен на школување во странство и

8. други лица за кои Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија е надлежен за пресметка и/или уплата на придонеси во согласност со закон.

(5) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е регистрационен агент за:

1. привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност, во согласност со закон;

2. невработено лице за време на обука, преквалификација или доквалификација;

3. привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност;

4. инвалид на трудот, за време на користење право на професионална рехабилитација во согласност со закон и

5. други лица за кои Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е надлежна за пресметка и/или уплата на придонеси во согласност со закон.

(6) Агенцијата за млади и спорт е регистрационен агент за врвен спортист кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на Агенцијата за млади и спорт.

(7) Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите, односно казнено-поправната и воспитно-поправната установа е регистрационен агент за лице на издржување казна затвор и издржување воспитна мерка во воспитно-поправен дом за време на редовна работа што ја врши во текот на издржувањето на казната, односно мерката, и лице кое се наоѓа во притвор, ако не е осигурено по друга основа.

(8) Јавната здравствена установа е регистрационен агент за здравствен работник со високо образование кој стекнува работно искуство за полагање стручен ис- пит.

(9) Образовните установи се регистрациони агенти за:

1. ученици и студенти за време на практична работа во согласност со Законот за практикантство и

2. лица кои наполниле 18 години до 26 години возраст, кои се на редовно, односно вонредно образование за потребите за здравствено осигурување во согласност со закон.

(10) Со интерен акт на институциите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7) (8) и (9) на овој член, се определува кои лица од редот на вработените имаат пристап и вршат регистрација на осигурениците во РЗСО, доколку регистрацијата се врши преку овластени лица.

**Обврзник за пресметка и уплата на придонеси**

Член 24

(1) Обврзникот за пресметка и уплата на придонеси е регистрационен агент за:

1. себе;
2. свој вработен;
3. свој практикант во согласност со Законот за практикантство;
4. свој извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основа на работен однос и самовработување;
5. свој вработен кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа во случаи кога во согласност со закон работодавачот го исплатува надоместокот на плата;
6. стечаен управник;
7. вработен во агенција за привремено вработување;
8. лице кое стекнува статус на осигуреник врз основа на вработен член на семејството и
9. други лица за кои обврзникот за пресметка и уплата на придонеси е надлежен за пресметка и/или уплата на придонеси во согласност со закон.

(2) Професионален спортски клуб е регистрационен агент за спортист аматер кој настапува за спортски клуб и учествува во систем на натпревари.

(3) Со интерен акт на обврзниците од ставот (1) на овој член, кои имаат статус на правно лице, се определува кои лица од редот на вработените имаат пристап и вршат регистрација во РЗСО.

**Адвокати, сМетководители и овластени сметководи- тели**

Член 25

(1) Адвокатите, сметководителите и овластените сметководители врз основа на добиено полномошно се регистрациони агенти за:

1. оној осигуреник и обврзник за пресметка и уплата на придонесите од задолжително осигурување за кој добиле полномошно во негово име да имаат пристап и да вршат регистрација во РЗСО;
2. странец кој на територијата на Република Северна Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, доколку поинаку не е определено и
3. Странец кој се наоѓа на школување во Република Северна Македонија , доколку постои реципроцитет во државата чиј граѓанин е странецот, доколку со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија поинаку не е определено.

(2) Организаторите, доколку не се регистрациони агенти, се должни да дадат полномошно и преку регистрациони агенти од ставот (1) на овој член да го регистрираат во РЗСО лицето кое учествува:

1. во акции за спасување или одбрана од елементарни непогоди или несреќи;
2. на работно ангажирање на корисници на социјална помош;
3. на обука по покана на органите на одбраната;
4. во давање помош на органите за внатрешни работи во вршење на нивната службена должност;
5. во културно-уметнички манифестации и на натпревари организирани од културни и други институции;
6. на натпревари во физичка и техничка култура организирани од спортски и други институции;
7. во волонтерска активност во согласност со закон;
8. на настани како спортисти аматери во согласност со закон и
9. на настани како професионални спортисти кои имаат склучено професионален договор со професионален спортски клуб.

**Губење статус на регистрационен агент**

Член 26

(1) На регистрационите агенти од членот 22 став (2) точки 2 и 3 од овој закон, Управата го одзема статусот на регистрационен агент по службена должност, доколку:

1. не ги исполнуваат техничките стандарди за пристап и користење на РЗСО;
2. се утврдат неправилности и злоупотреби при пристап и регистрација во РЗСО или
3. настане смрт или пензионирање на физичкото лице, односно стечај или ликвидација на правното лице.

(2) На регистрационите агенти им се одзема статусот на денот кога Управата дознала за настапување на некој од случаите од ставот (1) на овој член и за истото по електронска пошта ги информира сите засегнати страни.

(3) Во случај на смрт или престанок на работниот однос на физичкото лице кое кај регистрациониот агент ја вршело регистрацијата во РЗСО, освен ако физичкото лице е управител на регистрациониот агент, на барање на регистрациониот агент во електронска форма се овозможува промена на податоците за физичкото лице кое кај регистрациониот агент ја вршело регистрацијата во РЗСО.

**Проверка и ажурирање на податоци**

Член 27

(1) Заради размена и ажурирање на податоците по службена должност, РЗСО е поврзан и бесплатно разменува, користи и дава податоци на:

1. Централниот регистар на население, кој го води Министерството за информатичко општество и администрација;
2. Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија;
3. Единствениот регистар на даночни обврзници, кој го води Министерството за финансии - Управа за јавни приходи;
4. Регистарот на правни лица и работни места со стаж на осигурување со зголемено траење, кој го води Министерството за труд и социјална политика;
5. Евиденцијата за здравственото осигурување, која ја води Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија;
6. Евиденцијата за пензиско и инвалидско осигурување, која ја води Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија;

7. Регистар на членови на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, кој го води Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и

8. другите регистри, евиденции и бази на податоци, кои ги водат органите и другите институции надлежни за регистрација во РЗСО, другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување и други изворници на податоци, а кои се од значење за задолжителното социјално осигурување.

(2) Размената и ажурирањето на податоците од ставот (1) на овој член се врши преку МИМ.

(3) Размената на другите податоци кои не се утврдени во членот 19 став (1) од овој закон, се врши врз основа на склучен договор меѓу Управата и изворниците.

(4) РЗСО врши проверка на податоците со оние податоци кои се водат во изворниците.

(5) Во случај кога постои несовпаѓање на податоците во РЗСО со оние во изворниците, кои се во надлежност на другата институција или субјект, РЗСО автоматски ги ажурира тие податоци.

(6) Во случај кога постои несовпаѓање на податоците содржани во изворниците со оние во РЗСО или со други изворници, а за тие податоци изворник е РЗСО, односно другите изворници, тогаш се генерира известување до другата институција или субјект за потребата од ажурирање на тие податоци.

(7) Управата за јавни приходи е должна:

1. да ги презема матичните податоци поврзани со задолжителното социјално осигурување, податоците за осигуреникот кој е обврзник за плаќање придонеси, податоците за обврзник за пресметка и уплата на придонеси и податоците за пријава, промена и одјава од задолжителното социјално осигурување на осигуреникот од РЗСО заради пресметка и наплата на придонесите за задолжително социјално осигурување и данок на личен доход во согласност со закон;

2. во случај на несовпаѓање на податоците за идентификација на физичкото или правното лице од точката 1 на овој став во РЗСО и во Единствениот регистар на даночни обврзници, да не ја потврди пресметката на придонеси;

3. да прави контрола на податоците во пресметката на придонесите од задолжително социјално осигурување со податоците во РЗСО;

4. во случај на несовпаѓање на податоците од точката 3 на овој став во РЗСО, да ја одбие пресметката на придонесите и

5. да му ги достави на РЗСО сите податоци за пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување за кои во согласност со закон врши контрола преку месечни пресметки за интегрирана наплата (МПИН).

(8) Секој обврзник за пресметка и уплата на придонеси е должен при месечната пресметка за интегрирана наплата (МПИН) да ги провери податоците за осигурените лица со податоците содржани во РЗСО пред да ја достави пресметката до Министерството за финансии - Управата за јавни приходи.

**Промена на податоци во РЗСО**

Член 28

(1) Директорот на Управата е должен да овласти едно или повеќе службени лица во Управата кои можат да прават проверки и да одобрат промени на податоци во РЗСО.

(2) Промена на податоци во РЗСО може да се врши врз основа на судска одлука или акт на Државниот инспекторат за труд.

(3) Погрешно внесените податоци во РЗСО без судска одлука или акт на Државниот инспекторат за труд можат да се променат најдоцна до поднесување на првата наредна пресметка на придонесите за задолжително социјално осигурување.

(4) Во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член, промената на податоците ја врши надлежниот регистрационен агент по добиено одобрување за промена на податоците во РЗСО од овластеното службено лице во Управата односно од самото овластено службено лице во Управата, ако надлежниот регистрационен агент не ја направи промената.

(5) Овластените лица од ставот (1) на овој член ќе можат да вршат промена на податоците, односно да внесуваат податоци во РЗСО по службена должност во случаи кога ќе дознаат за погрешно внесените податоци, односно неможност за внесување на податоците поради технички причини, а промената не може да ја направи овластениот регистрационен агент.

(6) Промената на податоци во согласност со ставовите (2), (3) и (5) на овој член се врши со наведување на бројот и датумот на актот, односно барањето, а за секоја направена промена на податоците РЗСО чува за- пис за времето на промената, регистрациониот агент, односно овластеното службено лице во Управата, кој ја направил промената и содржината на промената.

(7) Начинот на проверка, одобрување и промената на податоците во РЗСО, на предлог на директорот на Управата го пропишува министерот.

**Обврска за чување**

Член 29

(1) Управата е должна да ги чува податоците во РЗСО како и сите промени трајно, под услови и во постапка утврдена со прописите од областа на архивското работење и прописите од областа на заштитата на личните податоци.

(2) Податоците за осигуреникот кој не се стекнал со права од задолжително социјално осигурување се чуваат најмалку 60 години, сметано од последното внесување на податоците во РЗСО.

(3) Податоците од РЗСО се чуваат и на дополнителна локација за електронски податоци заради нивно зачувување и заштита во случај на катастрофи.

**Обврска за ажурирање изворници**

Член 30

(1) Секој изворник на податоци кој разменува податоци со РЗСО и/или кој разменува податоци со институциите надлежни за задолжително социјално осигурување и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување, ако тие податоци се од важност за РЗСО, е должен да ги ажурира податочните сетови и промените на статусот на податочните сетови од значење за размената и да ги направи достапни тие податоци до соодветната институција.

(2) Изворникот на податоци од ставот (1) на овој член е должен ажурираните податочни сетови да ги направи достапни на РЗСО.

(3) Изворникот на податоци од ставот (1) на овој член е должен да овозможи користење на податочните сетови од РЗСО преку МИМ.

**Обврска за одржување**

Член 31

(1) Изворникот на податоците е должен да презема мерки за одржување на системите на кои се обработуваат поединечните бази на податоци за кои е надлежен во согласност со закон, да ги воспостави и да ги одржу-

ва единствените техничко-технолошки стандарди и процеси за користење на податоците од РЗСО, во согласност со закон.

(2) Управата е должна да го одржува РЗСО во согласност со закон.

(3) Корисникот на податоци од РЗСО е должен да ги воспостави и да ги одржува единствените техничко - технолошки стандарди и процеси за пристап и користење на РЗСО, во согласност со закон.

(4) Начинот, техничките процедури и мерките за одржување на РЗСО, како и единствените техничко - технолошки стандарди и процеси за пристап и користење на РЗСО, на предлог на директорот на Управата, ги пропишува министерот.

**Право на пристап и ниво на пристап до податоци**

Член 32

(1) Надлежните органи и другите институции, физичките и правните лица во својство на корисници на податоците од РЗСО имаат право на пристап до истите, доколку се исполнети условите утврдени со овој закон и со законот со кој е утврдена нивната надлежност, односно вршење дејност.

(2) Целосен пристап до податоците од РЗСО има Управата, како единствен корисник и обработувач на податоците, во согласност со закон.

(3) Регистрационите агенти имаат пристап само до податоците во РЗСО кои се потребни за извршување на своите надлежности утврдени со закон.

(4) Пристапот до податоците од РЗСО се определува на начинот и под условите под кои надлежните органи и другите институции, физичките и правните лица ги обезбедуваат своите услуги преку МИМ.

Глава VI

ПРАВА И ОБВРСКИ НА СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Право на увид**

Член 33

(1) Осигуреникот има право на увид во своите податоци содржани во РЗСО по електронски пат преку Националниот портал за е-услуги, а обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за задолжително социјално осигурување преку РЗСО.

(2) Осигуреникот врши увид во податоците од ставот (1) на овој член преку Националниот систем за единствена најава.

(3) Управата издава потврди во хартиена или во електронска форма на субјектот кој учествува во задолжително социјално осигурување за податоците содржани во РЗСО, по претходно поднесено барање преку регистрационен агент.

(4) Пристапот до реалните акти во електронска форма е бесплатен.

(5) Државниот инспекторат за труд, по службена должност, има право на пристап и увид во податоците во РЗСО потребни за извршување на своите законски надлежности.

(6) Начинот за вршење на увид од ставовите (1) и (2) на овој член и формата и содржината на потврдата од ставот (3) на овој член, која ја издава Управата, ги пропишува министерот.

**Обврска за пријавување неточни податоци**

Член 34

(1) Субјектот кој учествува во задолжително социјално осигурување има обврска по електронски пат, преку регистрационен агент, до Управата да ги пријави сите неточни податоци кои ќе ги забележи при увидот или при добивање на потврдата од член 33 став 3 од овој закон.

(2) По добиена пријава за неточни податоци од ставот (1) на овој член, Управата постапува во согласност со член 28 од овој закон.

(3) Формата и содржината на пријавата од ставот (1) на овој член, на предлог на директорот на Управата, ги пропишува министерот.

Глава VII

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЗСО

**Работно тело за имплементација на РЗСО**

Член 35

(1) Министерот со решение формира постојано работно тело за имплементација на РЗСО (во натамошниот текст: Работно тело), составено од координатор и осум членови со мандат од пет години, и тоа:

1. координатор на работното тело од редот на вработените во Министерството;

2. еден член номиниран од директорот на Управата од редот на вработените во Управата;

3. еден член номиниран од директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија од редот на вработените во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија;

4. еден член номиниран од директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија од редот на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија;

5. еден член номиниран од директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од редот на вработените во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;

6. еден член номиниран од директорот на Управата за јавни приходи од редот на вработените во Министерството за финансии - Управата за јавни приходи;

7. еден член номиниран од претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од редот на вработените во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;

8. еден член номиниран од министерот за информатичко општество и администрација од работната група за Централниот регистар на население и

9. еден член номиниран од директорот на Централниот регистар на Република Северна Македонија од редот на вработените во Централниот регистар.

(2) Работното тело од ставот (1) на овој член, ги врши следниве работи:

1. дизајнирање, имплементација и континуирана оптимизација на РЗСО;

2. анализа на сите процеси и функционалности на РЗСО;

3. генерирање и прочистување на податоците;

4. следење на промените и подготовка на анализа на целокупната регулатива поврзана со непречена ра- бота на РЗСО;

5. креирање деловни процеси за имплементација на регулативата;

6. подготовка на предлози за промена во регулативата и другите регистри и евиденции заради ефикасна работа на РЗСО и

7. други стручни активности поврзани со РЗСО.

(3) Стручно-административните работи за потребите на Работното тело ги врши секретар, кој се определува со решението за формирање на Работното тело од редот на вработените во Министерството и истиот не е член на Работното тело.

(4) Министерот во Работното тело може да ангажира и други лица за вршење на имплементација, надградба, оптимизација, извршување, регулирање, контрола на усогласеноста на РЗСО со законската регулатива, одржување, едукација и други работи поврзани со РЗСО.

(5) Критериумите за назначување и разрешување на координаторот и членовите во Работното тело, нивните права, должности и одговорности, ги пропишува министерот.

(6) Министерот може да формира стручни работни групи/комисии за потребите на Работното тело, за кои може да определи надоместок, заради обемот и сложеноста на работата.

(7) На координаторот и на членовите во Работното тело од ставот (1) на овој член, на ангажираните лица од ставот (4) на овој член и на членовите на работните групи/комисии од ставот (6) на овој член им следува месечен надоместок, кој не смее да го надмине износот од една половина од една просечна месечна нето-плата исплатена по работник во Република Северна Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците од Државниот завод за статистика, за учество во работата на работната група и тоа во зависност од обемот, сложеноста и од времето што е потребно за работа.

(8) Начинот на работа на Работното тело поблиску се уредува со Деловник за работа.

(9) Работното тело поднесува извештај за својата работа до министерот по потреба, а најмалку двапати годишно.

(10) Средствата за финансирање на Работното тело и стручните работни групи/комисии се обезбедуваат од буџетот на Министерството.

Глава VIII

ПОВРЗУВАЊЕ СО РЗСО

**Поврзување со РЗСО**

Член 36

Надлежните институции, физичките и правните лица се поврзуваат со РЗСО и ги користат податоците од истиот, доколку:

1. се поврзани на МИМ, во согласност со закон и

2. ги имаат исполнето во целост обврските кои произлегуваат од прописите од областа на заштитата на личните податоци, во согласност со закон.

Глава IX

НАДЗОР И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Надзор над спроведување на законот**

Член 37

Надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството.

**Инспекциски надзор**

Член 38

(1) Инспекциски надзор над спроведување на одредбите од овој закон врши секторот надлежен за инспекциски надзор во рамките на Министерството.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од овој закон, Законот за инспекциски надзор, Законот за општата управна постапка и од Законот за социјалната заштита.

**Опфат на инспекцискиот надзор**

Член 39

(1) Инспекцискиот надзор од членот 38 став (1) од овој закон опфаќа:

1. надзор над применувањето и спроведувањето на овој и друг закон, со кој се уредени работите од областа на евиденцијата на задолжителното социјално осигурување во РЗСО;

2. надзор над субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување, институции за задолжително социјално осигурување, изворниците на податоци и Управата;

3. надзор над точноста и навременоста на внесените податоци во РЗСО;

4. надзор на одобрувањето на пријавената пресметка за плата;

5. надзор над чувањето на податоците поврзани со системот на задолжително социјално осигурување;

6. надзор над ажурноста на податочните сетови и достапноста на ажурираните податочни сетови на РЗСО;

7. надзор над мерките за одржување на системите на кои се обработуваат поединечните бази на пода- тоци;

8. надзор над воспоставувањето и одржувањето на единствените техничко - технолошки стандарди и процеси за пристап и користење на податоците од РЗСО;

9. надзор над одржувањето на РЗСО и

10. надзор над спроведување на изречените мерки при претходно извршен инспекциски надзор.

**Надлежности и акти на инспекторите**

Член 40

(1) При вршење на инспекцискиот надзор од членот 38 став (1) од овој закон, инспекторите изрекуваат инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци во согласност со Законот за инспекциски надзор.

(2) Ако при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот утврди неправилности, може со решение да изрече опомена и определува рок во кој субјектот на инспекцискиот надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците утврдени со записник.

(3) Против решението на инспекторите од ставот (2) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен.

(4) Жалбата изјавена против решението на инспекторите од членот 38 став (1) од овој закон не го одлага извршувањето на решението.

(5) За изречените опомени од ставот (2) на овој член, инспекторите од ставот (1) на овој член водат евиденција.

(6) Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот.

Глава X

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Прекршоци

Член 41

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на регистрациониот агент правно лице ако:

1. не внесе точни податоци за степен на зголемување на стажот, доколку со закон е предвиден таков стаж за соодветното работно место (член 21 став 9) или

2. не внесе точни, целосни и навремени податоци во РЗСО (член 22 став 5).

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на регистрациониот агент физичко лице ако:

1. не внесе точни податоци за степен на зголемување на стажот, доколку со закон е предвиден таков стаж за соодветното работно место (член 21 став 9) или

2. ако не внесе точни, целосни и навремени податоци во РЗСО (член 22 став 5).

(3) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководното лице на Управата за јавни приходи ако не ја одбие пријавената пресметка за плата и придонеси во случај кога пресметката на придонесите нема да одговара на податоците во РЗСО (член 27 став 7 точка 3).

(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководното лице во институцијата надлежна за задолжително социјално осигурување или во друга институција вклучена во системот на задолжително социјално осигурување ако не ги чува податоците поврзани со системот на задолжително социјално осигурување (член 29 став 3).

(5) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководното лице на изворникот на податоци ако:

1. ажурираните податочни сетови не ги направи достапни на РЗСО (член 30 став 2) или

2. не преземе соодветни мерки за одржување на системите на кои се обработуваат поединечните бази на податоци за кои се надлежни во согласност со закон, да ги воспостават и да ги одржуваат единствените техничко - технолошки стандарди и процеси за користење на податоците од РЗСО (член 31 став 1).

(6) Глоба во износ 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководното лице на Управата, ако не го одржува РЗСО (член 31 став 2).

(7) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице ако не ги воспостават и не ги одржуваат единствените техничко - технолошки стандарди и процеси за пристап до РЗСО (член 31 став 3).

(8) Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице ако не ги воспостави и не ги одржува единствените технич- ко - технолошки стандарди и процеси за пристап до РЗСО (член 31 став 3).

### Надлежен орган за прекршочна постапка

Член 42

За прекршоците од членот 41 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

### Прекршочен платен налог

Член 43

(1) Инспекторот од секторот надлежен за инспекциски надзор во рамките на Министерството пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршоците од членот 41 од овој закон, е должен на одговорното лице, или од него овластено лице кај работодавач да му издаде прекршочен платен налог, во согласност со Законот за прекршоците.

(2) Ако сторителот ја плати глобата во рок од осум дена од денот на издавањето на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од предвидената глоба, а доколку не ја плати во предвидениот рок, овластеното службено лице ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд.

(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот.

Глава XI

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Започнување со работа на Управата и иМенување директор

Член 44

(1) Управата ќе започне со работа во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Директорот на Управата ќе биде именуван во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Донесување на подзаконските акти и воспоставување на РЗСО

Член 45

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) РЗСО ќе се воспостави во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Формирање на работното тело за имплементација на РЗСО

Член 46

Работното тело за имплементација на РЗСО ќе се формира и ќе започне со работа најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а членот од редот на вработените во Управата ќе биде назначен во рок од два месеца од започнувањето со работа на Управата и именувањето на директорот.

### Доставување на податоците

Член 47

(1) Институциите надлежни за задолжителното социјално осигурување и другите институции вклучени во системот на задолжителното социјално осигуру- вање, ќе ги достават своите бази на податоци во елек- тронска и во криптирана форма во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, со цел воспоставување на РЗСО.

(2) Институциите надлежни за задолжителното социјално осигурување и другите институции вклучени во задолжителното социјално осигурување договорите за размена на податоци со кои ќе се дефинираат фор- мата, содржината, начинот и роковите на доставување и размена на податоците ќе ги склучат во рок од 15 де- на од денот на воспоставување на РЗСО.

(3) Министерството за финансии - Управата за јавни приходи најдоцна пет години од денот на воспоставувањето на РЗСО ќе дава податоци за пресметка и уплата на придонесите, основиците на придонесите, износите на пресметани, наплатени и ненаплатени придонеси, како и други службени податоци поврзани со придонесите на институциите за задолжителното социјално осигурување.

**Усогласување на законите и подзаконските акти**

Член 48

Законите и подзаконските акти од областа на задолжителното социјално осигурување ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Надградба на другите системи и регистри**

Член 49

Системите и регистрите на институциите надлежни за задолжителното социјално осигурување и другите институции вклучени во задолжителното социјално осигурување, ќе се надградат во согласност со потребите на РЗСО до денот на започнувањето со примена на овој закон.

**Влегување во сила**

Член 50

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува во рок од 24 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.